# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО** | **Бр. 4** |
| **ПОТРЕБА** | **год. 24** |


**Општина Чучер - Сандево, Март 2021 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Среда** | **Бр. 4** |
| **по потреба** | **24 март 2021 година** | **Год. 24** |


13.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ - ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ - Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43-та** седница**,** одржана на **24 март 2021** година.

**Бр.09-380/1** — **Општина Чучер-Сандево**
**24.03.2021 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Закон за заштита на децата (“Службен весник на РМ” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ” бр.104/19, 146/19 и 275/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43-та** седница одржана на **24.03.2021** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНАОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈОУДГ " МИЛО МОЕ" - ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Се дава СОГЛАСНОСТ на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево бр.02-1/4 од 10.02.2020 година, донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ Чучер-Сандево.

За актот од став 1 на овој член добиено е позитивно мислење од Министерство за труд и социјална политика - Сектор за управување со човечки ресурси, бр.04-2016/3 од 09.03.2021 година.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-356/3**
**24.03.2021 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 14.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" -ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" - Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43-та** седница, одржана на **24 март 2021** година.

**Бр.09-380/2**
**24.03.2021 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02 ), член 23 од Статутот на Општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Закон за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43-та** седница одржана на **24.03.2021** година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈОУДГ " МИЛО МОЕ" - ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

**Член 1**

Се дава СОГЛАСНОСТ на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево бр.02-1/4 од 17.02.2021 година, донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" Чучер-Сандево.

За актот од став 1 на овој член добиено е позитивно мислење од Министерство за труд и социјална политика -Сектор за управување со човечки ресурси, бр.04-2016/4 од 09.03.2021 година

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер -Сандево".

**Бр.08-356/4**
**24.03.2021 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 15.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА , РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСК ПАТИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

Се објавува Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на територија на Општина Чучер-Сандево за 2021 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43-та** седница, одржана на **24 март 2021** година.

**Бр.09-380/3**
**24.03.2021 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 14 став 4 од Законот на јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 ) и член 5 став 1 точка 6 и 8 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и "Службен веник на РСМ" бр.302/20), Советот на општина Чучер-Сандево на **43-та** седница одржана на **24.03.2021** година, донесе

## П Р О Г Р А М А
**ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

### I.ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на општината утврдени со Законот за локалната самоуправа, а операционализирани со посебните закони, е и вршење

на работите за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта врз основа на планови и годишни програми.

Работите за изградба на пат, опфаќаат активности сврзани со изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.

Работите за реконструкција на пат опфаќаат активности сврзани со изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.

Работите за рехабилитација опфаќаат активности за подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.

Работи на редовно одржување на патиштата се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот и тоа:

-поправка на коловоз и труп на пат;

-чистење на коловозот, уредување и заштита на банкини и

-одржување на прегледност на патиштата и улиците.

Работите за зимското одржување на патиштата и улиците се активностите за обезбедување на сообраќајот во зимски услови и тоа:

-чистење на снег и мраз од коловозот и

-посипување на коловозите со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, стрмнините и на други места при појава на мраз на коловозот.

## II.ЦЕЛ

Цел на програмата е обезбедување на услови за одвивање на безбеден сообраќај по општинските патишта на територија на општина Чучер-Сандево.

## III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на ова Програма се активностите во текот на 2021 година, кои ќе се превземат на планот на изградбата, реконструкцијата, рехабилитација, одржувањето и заштитата на општинските патишта на подрачјето на општина Чучер-Сандево.

## IV.ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

а).Обем

1. Редовно одржување:

1.1.Крпење на ударни дупки на сите општински патишта

1.2.Кастрење на гранки и сечење на дрвја во заштитниот појас на општинските патишта во должина од 69,8 км.

2.Зимско одржување односно чистење на снег и мраз од коловозот и посипување на коловозите со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, стрмнините и на други места при појава на мраз на коловозот на сите општински патишта, а приоритет ќе се даде на патиштата по кои се одвива јавниот превоз и тоа:

-Градски гробишта Бутел-Мирковци-Кучевиште -Побожје

-Мирковци-Бањани

-Горно Оризари- Блаце

-Мирковци-ОУ Александар Урдаревски-Сандево

б) Динамика

Динамиката на реконструкција, рехабилитацијата и редовно одржување се утврдува во зависност од временските услови во текот на годината, со оперативен план на приоритети утврдени од Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

Зимското одржување ќе се одвива во зависност од временските услови.

**V.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Оваа програма ќе се финансира од средствата што Јавното претпријате за државни патишта ќе ги трансферира на Општина Чучер-Сандево.

**VI.ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Активностите за изградба и реконструкција, редовно одржување со крпење на ударни дупки на општински патишта и зимско одржување ќе ги извршува Општина Чучер-Сандево, а активностите за редовно одржување со кастрење на гранки и сечење на дрвја во заштитниот појас на општинските патишта ќе се отстапат на ЈКП "Скопска Црна Гора".

**VII.НАДЗОР**

Надзор над спроведувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Чучер-Сандево, преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**VIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до 31.12.2021 година.

**Бр. 08-356/5**
**24.03.2021 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**13. Одлука за давање согласност на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ - Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево......... 1**

**14. Одлука за давање согласност на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ - Чучер-Сандево Општина Чучер-Сандево......2**

**15. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2021 година .....................................................3**